# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ НА ДРУШТВОТО ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД, СКОПЈЕ

**Триглав Осигурување АД, Скопје** изјавува дека главната цел на раководството и сите вработени е давањето квалитетни услуги на своите клиенти, што е во согласност со нормативните барања, стандардите и прописите од областа на осигурувањето.

**Триглав Осигурување АД, Скопје** поставува цели за постојан развој и усовршување на своите производи и услуги во сите класи од неживотното осигурување, навремено и со најоптимални цени. Постигнувањето на овие цели води до исполнување и надминување на потребите, желбите и очекувањата на нашите клиенти, што е наша основна задача.

**Триглав Осигурување АД, Скопје** им гарантира на своите клиенти коректност и максимално исполнување на преземените ангажмани. Континуирано го следи степенот на задоволство на клиентите и ги проучува и исполнува нивните препораки, барања и рекламации, со цел тие да се користат за подобрување на услугите.

**Триглав Осигурување АД, Скопје** се грижи за долготрајна и квалитетна соработка со сите заинтересирани страни (клиенти, акционери, добавувачи, соработници, вработени и други), со цел обезбедување на квалитетни производи и услуги.

**Триглав Осигурување АД, Скопје** вработува и се стреми да одржува тим од висококвалификувани и мотивирани работници и води сметка за одржување на пријатен работен амбиент.

**Триглав Осигурување АД, Скопје** изведува континуирана обука и едукација на вработените како основна поддршка за управување со процесите и исполнување на барањата на клиентите.

**Триглав Осигурување АД, Скопје** ќе го поддржува и континуирано подобрува Системот за управување со квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015 преку јасно дефинирање на своите цели и начинот на нивно исполнување. Сите вработени се вклучени во процесот на остварување на поставените цели.

**Триглав Осигурување АД, Скопје** се стреми за идентификување на ризиците и превземање на соодветни корективни мерки за нивно намалување или отстранување, за постојано унапредување на квалитетот на услугите коишто ги нуди.

**Триглав Осигурување АД, Скопје** се стреми кон создавање и одржување на Системот за управување со квалитет и за таа цел врши идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на сите услуги.

**Триглав Осигурување АД, Скопје** се обврзува на исполнување на барањата од законската регулатива, заштита на работната и на животната средина, заштита на здравјето и безбедноста на вработените и сите заинтересирани страни.

**Триглав Осигурување АД, Скопје** врши редовно преиспитување на системот за управување со квалитет, собирање, евидентирање и анализа на податоците кои се значајни за подобрување и унапредување на сите работни процеси.

Во Скопје, 05.04.2018 година

Главен извршен директор
**Ѓорѓе Војновиќ, МБА**

Извршен директор
**Рок Пивк**

triglav

Триглав Осигурување, ад